Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 30.09.2021

На 29.09.2021 околу 18.30 часот на ул.„Славеј планина" во Струга, полициски службеници од Полициската станица од Струга ги лишиле од слобода М.А.(28) и М.И. (33), двајцата од Дебар, затоа што кај нив бил пронајден хероин. Тие се приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (30.09.2021) околу 08.15 часот во тетовско Камењане, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.К.(25) и Б.К.(53), затоа што при претрес во нивниот дом во ова село, извршен со судска наредба, била пронајдена марихуана. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

На 29.09.2021 во 19.30 часот на ул.„Букурешка" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода Г.Г.(29) од Скопје. При претрес во негов стан, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе пакувања со кокаин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 215 од Кривичниот законик.

На 29.09.2021 во 23.30 часот на подрачјето на Чаир од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода бил лишен Н.Х.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.09.2021 во 22.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Г.Д.(21), Ј.С.(18), М.П.(20) и 17 - годишник, сите од Скопје, затоа што при извршен претрес кај Г.Д. била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.09.2021 во 22.10 часот на подрачјето на Бит Пазар, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје од слобода е лишен М.К.(18) од с.Сарај, скопско, затоа што кај него бил пронајден пиштол „Екол фират магнум" калибар 9мм. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.09.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле пресемени 29 мерки против возачи, од кои 19 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 10 за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 10 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 29.09.2021 во 19.56 часот на крстосница од ул.„Крушевска Република", ул.„Глигор Приличев" и новопредвидена улица кон место викано „Смолево" во Битола, патничко возило „ауди", со битолски регистарски ознаки, управувано од З.Б.(42) од с.Долно Оризари, битолско, удрило во велосипедист В.Н.(20) од Битола. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршине Јавен обвинител и екипа од СВР Битола.

На 30.09.2021 околу 01.30 часот на бул.„Крсте Петков Мисирков" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода Џ.И.(40) од с.Страхојадица, општина Зелениково, поради сомнение дека непосредно пред тоа, со употреба на сила влегол во угостителски објект на ул.„Битпазарска", сопственост на Б.Б. (34) од Република Турција, а со живеалиште во Велес, и одел техничка спка и пари. Во близина на местото биле пронајдени дел од предметите, а Џ.И. бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 29.09.2021 полициски службеници од СВР Охрид - Одделение за внатрешни работи Струга го лишиле од слобода И.Н.(54) од струшко село Велешта, кој се барал по распишана потерница од Основниот суд во Струга, за издржување на казна затвор од 13 години. И.Н. бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор „Идризово" во Скопје за издржување на затворската казна.

На 29.09.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контрола биле констатирани 25 прекршоци, од кои 14 во населено место и 11 надвор од населено место. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 14.00 часот спроведена е акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. Притоа, биле изречени санкции за седум прекршоци, од кои 3 за неисправен уред за запирање, 2 за неисправен уред за управување и 2 за непродолжена регистрација.

На 29.09.2021 во 19.00 часот на крстосница од улиците „7 Септември" и „Киро Крстев" во Кавадарци, патничко возило „бмв", со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Р.Е.(43) од Кавадарци, удрило во пешакот Р.К.(50) од Кавадарци. Во несреќата, Р.К. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Јавната здравствена установа Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од ОВР Кавадарци.

Во текот на изминатото деноноќие (29.09/30.09.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 27 прекршоци.

На 29.09.2021 во СВР Скопје, Е.Ј.(25) од Скопје пријавила дека на ул.„Цветан Димов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 29.09.2021 во 16.00 часот на ул.„Мице Козар" во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ги лишиле од слобода А.Р.(36) и И.К.(49), двајцата од Прилеп, затоа што при претрес кај А.Р. била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.09.2021 во 08.00 часот на ул.„Гостиварска" во Прилеп, полициски службеници од Прилеп го лишиле од слобода Б.Д.(47) од Прилеп, затоа што при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени куршуми за пиштол калибар 7,65 мм. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.З.(27) од селото Горенци, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола на лица кои имаат решение за задолжителна самоизолација, извршена на 21.08.2021, полициските службеници не го пронашле во неговиот дом, со што постапил спротивно на законските прописи за заштита од коронавирусот.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи", ОВР Кичево поднесе кривична пријава против М.Б.(38) од селото Долно Крушје, општина Македонски Брод. Тој, на 01.11.2020 околу 11.15 часот, кај месноста „Челојца", атар на кичевското Ново село, бил затекнат во лов, при што било констатирано дека нема дозволи ни за поседување на оружје, ни за лов. Притоа, одземен му е ловен карабин марка „Црвена застава" и 10 куршуми.

На 29.09.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за брзина, во рамките на која биле откриени и санкционирани 23 пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 17 надвор од населено место (ТЕ-8 и ГВ-9), а од нив 2 биле за повеќе од 50 километри на час. Притоа, во населено место санкционирани се 6 (ТЕ) пречекорувања на пропишаната брзина. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци, а во акцијата санкционирани биле и 18 други видови прекршоци (ТЕ-16 и ГВ-2).

Денеска (30.09.2021) во 01.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека од неколку лица, кои се движеле со две патнички моторни возила со тетовски регистарски ознаки, е извршено оштетување на изборен рекламен материјал на политичка партија на неколку различни локации. Возилата биле сопрени од полициски службеници на СВР Тетово и било утврдено дека возилото „ауди" го управувал М.Т.(63) од Тетово, а возилото „голф " го управувал Џ.К.(34) од тетовско. Во возилата биле уште две лица. Во координација со Јавен обвинител се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 30.09.2021 во Полициската канцеларија Градско на службен разговор бил повикан П.А.(33) од Градско, затоа што на 29.09.2021 во 19.00 часот на ул.„Александар Македонски" физички го нападнал Д.С.(31) од Градско, кој лепел плакати од кандидат за градоначалник. По целосно документирање на случајот против П.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.09.2021 во 10.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(38) од Скопје пријавил дека на 26.09.2021 околу 19.30 часот во угостителски објект на подрачје на Карпош, по претходна расправија, бил физички нападнат од Ј.В., кој подоцна физички се пресметал и со братот на пријавителот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје, В.С.(45) од с.Бардовци, скопско, пријавила дека околу 09.30 часот во двор на основно училиште во с.Бардовци, по претходно недоразбирање, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2021 околу 21.45 часот во СВР Скопје, Џ.Л.(63) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Чаир неколку лица, кои биле со возило, испукале неколку истрели во воздух од огнено оружје, по што физички го нападнале М.Д.(36). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2021 околу 10.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Герника 2" во Скопје, Н.А.(49) од с.Студеничани, скопско, додека извршувал градежни работи на куќа на негов пријател, починал од струен удар. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на Јавен обвинител телото било предадено на семејството.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Радовиш поднесе кривична пријава против Д.Т.(30) од с.Ораовица, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 09.09.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом во с.Ораовица и покрај тоа што на 08.09.2021 при влез во државата на Граничниот премин Табановце потпишал изјава за самоизолација.

На 29.09.2021 во 10.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во напуштена куќа на ул.„Коле Неделковски" во Скопје, во сопственост на правно лице, било пронајдено тело на починато машко лице. Увид извршила екипа од Полициската станица Центар, а смрт констатирала екипа од Итна медицинска помош. По наредба на Јавен обвинител телото било подигнато од А.Д. „Бутел".

На 29.09.2021 во 22.15 часот во с.Орман, скопско, М.С.(26) од с.Крушопек, скопско, се однесувал агресивно и се обидел физички да нападне полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Чашка кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот против М.С. ќе биде поднесена соодветна пријава